РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО НА Р. МАКЕДОНИЈА - БИТОЛА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2009 ГОДИНА

ДЕКЕМВРИ, 2008

СОДРЖИНА

ПОИМНИК ........ 3
Согледување ........ 4
1.1 ВОВЕД ........ 4
1.2 МИСИЈА ........ 5
1.3 ВИЗИЈА ........ 5
1.4 АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА СПОРЕД ЗАКОН ........ 5
1.5 КОНКРЕТИЗИРАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ И ОБВРСКИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА . 6
1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ ........ 7
1.7 СТРУКТУРА НА АПРЗ ........ 7
1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ........ 9
1.9 ПРОГРАМИ ........ 9
1.9.1 Програма: Совети ........ 10
*1.9.1.1 Потпрограма поледелство* ........ 11
*1.9.1.2 Потпрограма сточарство* ........ 12
*1.9.1.3 Потпрограма лозаро-овоштарство* ........ 14
*1.9.1.4 Потпрограма органско производство* ........ 15
*1.9.1.5 Потпрограма информирање и односи со јавност* ........ 16
1.9.2 Програма: Поддршка во развојни проекти и развој на нетрадиционално земјоделско производство ........ 18
1.9.3 Програма Мониторинг на фарма ........ 19
1.9.3.1 *Потпрограма агроекономија* ........ 20
1.9.4 Програма: Зајакнување на институционалните капацитети (Администрација) ........ 24
1.10 Исполнителност на програмите ........ 26
1.11 Планови за спроведување ........ 27

## ПОИМНИК

Одделни изрази користени во овој Стратешки план на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството го имаат следното значење:

АПРЗ - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
ИЗП - Индивидуални земјоделски производители
ИЗС - Индивидуални земјоделски стопанства
СУ - Советодавни услуги
УО - Управен Одбор
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МФ - Министерство за финансии
ИПАРД - Инструмент за пред-пристапна помош (IPA), петта компонента рурален развој (IPARD)
РЕ - Работна единица
РЦ - Регионален центар
ИС - Информатички систем
ИТ - Информатичка технологија
ФАДН - Farm accountancy data network - Мрежа на сметководствени податоци за фарма
ФМС - Farm monitoring system - Систем за мониторнг на фарма
ЕУ - Европска Унија
АОП - Автоматска обработка на податоци
МААСП - Macedonian agricultural advisory support programme - Програма за поддршка на советодавните услуги во РМ
ТЕСП - Техничко-економски советодавни пакети
СИДА - Swedish international development agency - Шведска агенција за интернационален развој
ГТЗ - Deutsche Gesellschaft für Technische Zusammenarbeit - Германска техничка поддршка

*Согледување*

Врз основа на сегашните услови и потреби во агрокомплексот, АПРЗ ги поддржува индивидуалните земјоделци со бесплатни совети за реструктуирање на земјоделските стопанства, со цел зголемување на конкурентноста и прилагодување на македонското земјоделско производство кон ЕУ стандардите.

# 1.1 ВОВЕД

АПРЗ е основана со Закон (Сл. весник бр.3/98), со поддршка од Проектот од Светска банка, а во согласност со Стратегијата за развој на земјоделството на РМ 1995- 2010 год. Со примена на реформите, АПРЗ има за цел да овозможува имплементација на примена на сознанија кај индивидуалните земјоделски стопанства (ИЗС) за подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување на база на податоци од ИЗС преку теренски посети на фармите.

АПРЗ е одговорна за давање на стручна помош на индивидуалните земјоделски стопанства (ИЗС) со цел зголемување на квалитетот, квантитетот и профитабилноста на земјоделското производство со оптимално искоритување на расположивите ресурси и нивна поголема искористеност.

Советодавните услуги се дизајнираат и обезбедуваат преку: практична примена на научните и техничките сознанија насочени според потребите на пазарот; јакнење и соработка на земјоделските здруженија; поддршка во спроведувањето на владините програми и мерки наменети за индивидуалниот земјоделски сектор; воспоставување и примена на информативни системи во функција на подобрување на следливоста на земјоделските активности и размена на информации со чинителите во агрокоплексот

Поради специфичноста на активностите во АПРЗ вработените извршуваат активности според специјалности (поледелство, сточарство, лозаро-овоштарство, градинарство, агроекономија) со оддредена тематика.

Квалитетот и ефикасноста во спроведување на советодавните услуги зависи и од начинот на проценување и мотивираноста на советниците. Затоа е потребно располагање со реален буџет за плати и надоместоци на плати.

Програмата е усогласена со приоритетите и целите на стратешкиот план за периодот 2009 - 2011 година и истата е во согласност со владините програми и програмите на МЗШВ.

## 1.2 МИСИЈА

Давање на висококвалитетна советодавна услуга на терен на индивидуалните земјоделски стопанства, со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со воведување на економски параметри и оптималност во искористување на расположивите капацитети во рурални и пазарно ориентирани средини.

## 1.3 ВИЗИЈА

Да бидеме високопочитуван советодавен центар меѓу земјоделците во функција на примена на најсовремените научни и технички сознанија насочени кон современо земјоделско производство.

## 1.4 АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА СПОРЕД ЗАКОН

1. Давање непосредна помош на земјоделците за примена на сооcдветни мерки:
- во поледелството, лозарството и овоштарството: воведување на нови технологии во одгледувањето, правилна употреба на ѓубрива, избор на видови и сорти, подигање и одгледување на насадите, поставување на демонстративни опити со нови сорти и технологии и сортни испитувања и
- во сточарството: упатување на примена на мерки за подобрување на производните својства, обезбедување на правилна исхрана за добивање поквалитетни производи (млеко, месо, волна, јајца и друго);
2. Соработка со здруженијата на земјоделците и единиците на лиокалната самоуправа;
3. Насочување на земјоделските производители за производство на култури и производи според потребите на пазарот;
4. Непосредно извршување на дел од мерките за спроведување на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството што се донесуваат согласно со Законот за поттикнување на развојот на земјоделството (во натамошниот текст: Програмата);
5. Давање насоки за развој на земјоделството врз основа на сознанијата на терен;
6. Пренесување на стручни сознанија до непосредните земјоделски производители, како и научно-апликативните достигнувања во земјоделското производство;
7. Давање насоки во изборот на соодветна земјоделска механизација и опрема за растително и сточарско производство и нејзино правилно и разионално користење;
8. Вршење инструктажа, демонстрација за современи постапки за чување, преработка на земјоделски производи (од растително и животинско потекло) и подготовка за пласман;
9. Стручно оспособување на земјоделските производителипреку одржување на советувања, семинари, курсеви и слично;

10. Организирање на натпревари за високи приноси, учествување на саеми и изложби, организирање на сточарски смотри и тракторски натпревари;
11. Подготвување на истражувачки предлози во земјоделството;
12. Воспоставување и користење на информативни системи во земјоделското производство;
13. Давање помош на земјоделските производители за установување евиденција во врска со земјоделското производство, негова рентабилност и економичност;
14. Изготвување на информативни и рекламни списанија, брошури, памфлети, прирачници во кои би биле опфатени новитетите од домашни ни странски извори на информации од областа на земјоделството и
15. Други стручни и апликативни мерки за кои ќе се јави потреба.

## 1.5 КОНКРЕТИЗИРАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ И ОБВРСКИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА

- Развивање на индивидуалното земјоделско производство според специфичностите на регионално ниво;
- Мерење и евалуација на квалитетот и квантитетот на спроведени советодавни услуги кај ИЗС;
- Креирање на квалитетна база на податоци од ИЗС како услов за подобрување на микро и макро согледувањата во аграрот - систем за мониторинг на фарма (ФМС);
- Овозможување континуитет на Мониторинг на фарма со воспоставување сметководство на фарма и имплементација на Европскиот FADN (Farm Accountancy Data Network);
- Создавање услови за флексибилна и пазарно ориентирана рурална економија преку развојот на земјоделското производство и во руралните области;
- Пазарно земјоделско производство според стандардите на ЕУ со неговите количински и економски параметри;
- Зајакнување на категоријата на професија „Земјоделец“;
- Спроведување на владини и невладини мерки од поширок интерес за државата;
- Зајакнување на АПРЗ како линк помеѓу науката, власта и ИЗС, како и зајакнување на соработката помеѓу земјоделските производители со преработувачите, потрошувачите и другите учесници во ланецот на земјоделскиот сектор;
- Пристапност и поддршка во аплицирање на ИЗС до предпристапните фондови на ЕУ;
- Овозможување на достапност до корисни иформации до ИЗС во пазарно ориентираните подрачја и руралните средини;
- Системски мерки за зајакнување и подобрување на ефикасноста на националната советодавна служба.

## 1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА АПРЗ

АПРЗ е самостојна буџетска институција со својство на правно лице во функција на креирање и давање висококвалитетни советодавни услуги во земјоделството:

- Постигнување зголемен економскиот раст, вработеност, пораст на животниот стандард, квалитет на живеење;
- Интеграција во ЕУ;
- Подобрување на едуцираноста кај ИЗП.

Во имплеменатацијата на советодавните услуги се земаат во предвид и спецификностите во контекст:

- Заштита на животната средина и природата;
- Безбедност на храна, превентива од болести кај растителното и животинското производство;
- Зајакнување на агрокомплексот (развој на земјоделството и рурален развој);
- Поддршка во инвестициони вложувања (индивид.земјоделски сектор);
- Зголемување на ефективноста и ефикасноста на јавниот сектор;
- Поддршка во аплицирање и користење на предпристапните фондови;
- Поддршка во аплицирање на индивидуалните земјоделски производители при реализација на Владина програма.

## 1.7 СТРУКТУРА НА АПРЗ

Во имплементацијата на советодавните услуги од страна на Агенцијата во многу придонесуваат расположивите капацитети, особено организационата поставеност која опфаќа 30 работни единици групирани во 6 региони и повеќе од 30 привремени дисперзирани канцеларии кои според потребите и барањето на земјоделците во одредени општини и рурални средини функционираат со прилагодливо работно време.

Во Агенцијата почетокот на 2009 година е со 138 вработени, од кои 100 се со високо стручно образование, претежно дипломирани инженери агрономи. Овој број секако треба да се зголемува поради големиот број на индивидуални земјоделски стопанства во РМ, на кои им е потребна стручна советодавна поддршка во нивниот развој.

Агенцијата располага и со солидна ИТ опрема и софвер, фиксен буџет и во овој период користи поддршка од проекти, особено Програмата за поддршка на советодавите услуги во Р. Македонија - МААСП.

Советодавните услуги во Агенцијата се реализираат со поддршка на специјализирани работни групи по: поледелство, сточарство, лозаро-овоштарство, градинарство, агроекономија и информирање и комуникација.

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работни места ја има следната организациона структура.

## Организациона структура на АПРЗ




Легенда:

⟵ Постојана структура (дефинирана организациона и хиерархиска поставеност во Агенцијата според законските прописи и интерните акти)

⟵ - - - - - - - Прилагодлива структура (врз основа на интерни акти овозможено е отворање на привремени и повремени дисперзирани канцеларии според потребите и барањето на земјоделците во одредени општини и рурални средини со планирано прилагодливо работно време и периоди)

## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Стратешки приоритети на АПРЗ:

**-Унапредување на квалитетот на советодавната услуга**

***Во функција нанаведениот приоритет се развиваат следните цели:***

- **подобрени знаења на советниците за поледелство; сточарство; градинарство и лозаро-овоштарство**
- **креирање и испорака на пакети на советодавни услуги од областа на поледелството; сточарството; градинарството и лозаро-овоштарството**
- **подобрени знаења на земјоделците во примена на земјоделското производство**

**-Поддршка во креирање и спроведување на развојни проекти**

***Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:***

- **информирани ИЗП**
- **поддршка во изработка на бизнис планови**
- **зголемен број на проекти кофинансирани од буџетски и меѓународни средства**

**-Надградба на базата на податоци - Систем за мониторинг на фарма/Мрежа на сметководствени податоци за фарма**

***Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:***

- **воспоставена сметководствена евиденција кај ИЗП**
- **подобрување на софтверското решение во функција на корисниците**

**-Зајакнување на институционалните капацитети**

***Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:***
- **обезбедување на непречен проток на информации и документација**
- **поддршка на развојот на работните групи по специјалности**
- **подобрување во транспарентноста на активностите**
- **следење и одржување на расположивите ресурси**
- **функционирање на активностите од правно-кадровското, финансиско работење и АОП.**

## 1.9 ПРОГРАМИ

Програмите се во согласност со стратешките приоритети и цели на АПРЗ. Воедно при изборот на програмите покрај расположивите ресурси се раководевме од потребата да обезбедиме целите на програмите на Агенцијата да

бидат конзистентни со приоритетите и целите утврдени од Владата на Република Македонија за 2009 година.

### 1.9.1 Програма: Совети

Врз основа на изработени SWOT анализи, програмата е во функција на поддршка во креирање на современи совети кои при практична примена резултираат со:

- квалитетно и профитабилно земјоделско производство;
- зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, повисок стандард и квалитет на живеење;
- интеграција во ЕУ;
- развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој;
- подобрување на квалитетот на образованието и знаењата на земјоделците.

**Реализацијата на програмата опфаќа:**

- Перманентно присуство на советниците на терен;
- Постојана размена на информации и збогатување на постоечката база на податоци помеѓу советникот и индивидуалното земјоделско стопанство;
- Изработка на соодветни анализи од базата на податоци, кои се користат за дефинирање конкретни препораки за одделни области на земјоделското производство;
- Едукација на фармери со примена на семинари, студиски кружоци, предавања, кои се изведуваат индивидуално или во групи;
- Имплемантација на нови технологии и методи во земјоделското производство;
- Имлементација и следење на демонстративни опити;
- Организирање на средби и саеми за презентација на земјоделските производи за подобрување на нивниот пласман;
- Педолошка анализа на почва на регионално ниво;
- Систем за евидентирање на контакти и дадени совети;
- Едукативна и информативна кампања за искористување на предпристапните фондови на ЕУ - ИПАРД;
- Спроведување на Владини мерки од Програмата за финансиска поддршка, Програмата за рурален развој, Програмата за органско земјоделско производство и др.;
- Следење, прогнозирање и детерминација на штетници и растенија,
- Десиминација на податоци од и до ИЗС;
- Следење и детерминација на проблеми на терен, кај индивидуалните земјоделски производители;
- Изработка на анализи со препораки за конкретни фарми и здружување на ИЗП;
- Изработка на ТЕСП за конкретни проблеми за познати корисници во одделните области: сточарство, поледелство, лозаро–овоштарство, градинарство, агроекономија, информации и маркетинг;
- Функционирање на специјализирани работни групи;
- Меѓуинституционална соработка.

Реализацијата на програмата Совети резултира со изработени потпрограми по специјалности: сточарство, поледелство, лозаро–овоштарство,

градинарство, агроекономија, информации и маркетинг, специфицирани според потребите на теренот во секој регион посебно. Изработката на програмата се темели на соработката помеѓу теренските советници и земјоделците, т.е.потребите за развој на индивидуалните земјоделски стопанства.

### *1.9.1.1 Потпрограма поледелство*

Според националната стратегијата за земјоделство и рурален развој како клучни фактори кои го попречуваат земјоделството и руралниот развој се:

- мали фарми и нивна поделба на парцели
- застарени технологии на културите (резултира со ниски приноси)
- ниско ниво на образование/обуки
- недостаток на квалитет на производот ГАП и ЕУРЕПГАП стандарди
- мал обем на преработувачката индустрија
- низок степен на усвоеност на стандарди за квалитет ибезбедност на храната и тн.

**Приоритети** на програмата се; спроведување на современи технолошки процеси и воведување на стандарди во производството, со цел:

-зголемување на приносите
-подобрување на квалитетот на земјоделските производи,
-подобрување на конкурентноста
-зголемување на површините на стратешките култури
-подобрување на профитабилноста на фармите.
-развој на руралните средини

Како постоечки **интервенции** во оваа област се**:** законот за земјоделство и рурален развој, закон за вршење на земјоделска дејност, закон за земјоделско земјиште, закон за органско производство, закон за семенски и саден материјал, закон за здравје на растенијата и др, програма за рурален развој; голем број на правилници како и мерки кои се спроведуваат со Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството.

Врз основа на наведената фактичка состојба постои голема оправданост за спроведување на оваа програма за подобрување на состојбата во растителното производство.

**Цел на програмата е** советодавна помош на земјоделците за зголемување на производството (приносите) и квалитетот на земјоделските производи, максимално искористување на земјишните ресурси , кои воедно се и цели на стратегијата за земјоделство и рурален развој.

**Човечки ресурси**. За спроведување на програмата ќе бидат ангажирани 56 советниците од сите специјалности во растителното производство: поледелство, градинарство, лозарство-овоштарство. Платите и надоместоците за советниците се содржани во посебна програма како и надоместоците за обуки и усовршување.

**Активности и задачи**

АПРЗ согласно дејноста која произлегува од Законот за основање, како и согласно Законот за земјоделство и рурален развој советодавните услуги ќе ги насочи кон:

-советување во врска со производно-технолошките процеси,
-советување за воведување и примена на стандарди за квалитет и безбедност на земјоделските производи,
-совети и помош при изработката на развојни програми за земјоделците,

-советување и помош при реализација на мерки на земјоделската политика и др.

| **Потпрограма по специјалност** | **Потпрограми и проекти** | **Резултати** |
|---|---|---|
| Потпрограма поледелството | Анализа на почва<br>Ѓубрење на поледелските култури<br>Заштита на стрни жита од болести и штетници<br>Избор на сорти и семенски материјали<br>Рационално - правилно користење на механизација<br>Избор на семенски материјал кај тритикале<br>Заштита од болести и штетници кај оризот<br>Заштита од болести, штетници и плевели на поледелските култури<br>Органско производство<br>Агротехника на есенски култури<br>Агротехника на ранопролетни и пролетни култури<br>Прихранување на стрни жита | Постигнати резултати кај индивидуалните земјоделски производители во делот на подобрување на квалитетот, квантитетот или профитабилност на земјоделското производство<br>- воведени нови сорти<br>- млади замјоделци<br>- воведена замјоделска практика (примена на стандарди во земјоделското производство)<br>- поддршка во воведување на интегрално и органско производство<br>- оптимално користење на ресурси<br>( механизација, земјиште)<br>- поврзување на прозводители преработувачи трговци до потрошувачи (глобалгап)<br>- демостративни опити за профитабилни производи |
| Потпрорама градинарство | Анализа на почва<br>Заштита на компир од болести, штетници и плевели<br>Заштита на домат и пиперка од болести, штетници и плевели<br>Избор на сорти и квалитетен семенски материјал<br>Системи и норми за наводнување<br>Заштита од болести, штетници и плевели во пластеничко производство<br>Берба класирање и амбалажирање<br>Агротехнички мерки по култури<br>Примена на добра земјоделска практика<br>Органско производство | Постигнати резултати кај индивидуалните земјоделски производители во делот на подобрување на квалитетот, квантитетот или профитабилност на земјоделското производство<br>- воведени нови сорти<br>- млади замјоделци<br>- воведена замјоделска практика (примена на стандарди во земјоделското производство)<br>- поддршка во воведување на интегрално и органско производство<br>- оптимално користење на ресурси<br>( механизација, земјиште)<br>- поврзување на прозводители преработувачи трговци до потрошувачи (глобалгаб)<br>- демостративни опити за профитабилни производи |

### *1.9.1.2 Потпрограма сточарство*

Програмата сточарство е една од програмите на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и се однесува на успешна имплементација на новите технологии од областа на сточарството како и доближување до стандардите на Е.У.

Планираните активности во 2009 година ќе бидат насочени кон користење на постојаните и изнаоѓање на нови методи за јакнење на соработката со земјоделските производители. Исто треба да се продолжи соработката и со други институции кои учествуваат во креирањето на аграрната политика во државата. Советниците ќе ги спроведуваат зацртаните задачи, а со цел да ги подобрат животните, работните и производните навики на земјоделците.

Тоа може да се оствари со:

- Подобрување на животните и производните навики на село
- Поттикнување на земјоделското производство со пазарна ориентација
- Поттикнување на производството на еколошки здрави земјоделски производи
- Создавање и развој на пазарно ориентирани семејни земјоделски фарми.

Приоритетите на програмата по сточарство се:

- ✓ Зголемување на бруто домашниот производ
- ✓ Зголемување на конкурентноста на земјоделскиот сектор
- ✓ Безбедност и квалитет на производите
- ✓ Зголемување на сточниот фонд

Како постоечки интервенции: Закон за сточарство, Закон за рибарство, Закон за органско земјоделско производство, Програма за рурален развој, Правилник за безбедност и хигиена на млекото, Правилник за измена и дополнување на програмата за поттикнување на развојот на земјоделството и сл.

**Главна цел**

Советодавна помош за примена на мерки за подобрување на производните својства, обезбедување на правилна исхрана за добивање на повисоки и поквалитетни производи.

**Активности и задачи**

АПРЗ согласно дејноста која произлегува од Законот за основање, како и согласно Законот за земјоделство и рурален развој советодавните услуги ќе ги насочи кон:

-советување во врска со производно-технолошките процеси,

-советување за воведување и примена на стандарди за квалитет и безбедност на земјоделските производи,

-совети и помош при изработката на развојни програми за земјоделците,

-советување и помош при реализација на мерки на земјоделската политика и др.

| **Потпрограма по специјалност** | **Потпрограми и проекти** | **Резултати** |
|---|---|---|
| Потпрограма сточарството | Исхрана по категории<br>Квалитет на млеко<br>Објекти за сместување<br>Хигиена на млеко<br>Рано одбивање на јагниња<br>Хигиена на сместувачките капацитети<br>Превентива од маститис<br>Поттикнување за производство на органско млеко | Постигнати резултати кај индивидуалните земјоделски производители во делот на подобрување на квалитетот, квантитетот или профитабилност на земјоделското производство<br>- воведени нови раси<br>- млади замјоделци<br>- воведена замјоделска практика |

| | | |
|---|---|---|
| | Превентива од бруцелоза<br>Технологија на производство на сирење во домашни услови развој на козарство<br>Услови за одгледување на бројлери<br>Синхронизација на еструс<br>Органско производство на мед<br>Избор на локација и подигање на рибник | (примена на стандарди во земјоделското производство)<br>- поддршка во воведување на интегрално и органско производство<br>- оптимално користење на ресурси<br>( механизација, земјиште)<br>- поврзување на прозводители преработувачи трговци до потрошувачи (глобалгаб)<br>- демостративни опити за профитабилни производи |

### *1.9.1.3 Потпрограма лозаро-овоштарство*

Според националната стратегијата за земјоделство и рурален развој како клучни фактори кои го попречуваат земјоделството и руралниот развој се:

- мали фарми и нивна поделба на парцели
- застарени технологии на културите (резултира со ниски приноси)
- ниско ниво на образование/обуки
- недостаток на квалитет на производот ГАП и ЕУРЕПГАП стандарди
- мал обем на преработувачката индустрија
- низок степен на усвоеност на стандарди за квалитет ибезбедност на храната и тн.

**Приоритети** на програмата се; спроведување на современи технолошки процеси и воведување на стандарди во производството, со цел:

-зголемување на приносите
-подобрување на квалитетот на земјоделските производи,
-подобрување на конкурентноста
-зголемување на површините на стратешките култури
-подобрување на профитабилноста на фармите.
-развој на руралните средини

Како постоечки **интервенции** во оваа област се**:** законот за земјоделство и рурален развој, закон за вршење на земјоделска дејност, закон за земјоделско земјиште, закон за органско производство, закон за семенски и саден материјал, закон за здравје на растенијата и др, програма за рурален развој; голем број на правилници како и мерки кои се спроведуваат со Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството.

Врз основа на наведената фактичка состојба постои голема оправданост за спроведување на оваа програма за подобрување на состојбата во растителното производство.

**Цел на програмата е** советодавна помош на земјоделците за зголемување на производството (приносите) и квалитетот на земјоделските производи, максимално искористување на земјишните ресурси , кои воедно се и цели на стратегијата за земјоделство и рурален развој.

**Човечки ресурси**. За спроведување на програмата ќе бидат ангажирани 56 советниците од сите специјалности во растителното производство: поледелство, градинарство, лозарство-овоштарство. Платите и надоместоците за советниците се содржани во посебна програма како и надоместоците за обуки и усовршување.

**Активности и задачи**

АПРЗ согласно дејноста која произлегува од Законот за основање, како и согласно Законот за земјоделство и рурален развој советодавните услуги ќе ги насочи кон:

-советување во врска со производно-технолошките процеси,

-советување за воведување и примена на стандарди за квалитет и безбедност на земјоделските производи,

-совети и помош при изработката на развојни програми за земјоделците,

-советување и помош при реализација на мерки на земјоделската политика и др.

| Потпрограма по специјалност | Потпрограми и проекти | Резултати |
|---|---|---|
| Потпрограма лозаро-овоштарството | Анализа на почва<br>Ѓубрење на овошни насади (по видови) и лозови насади<br>Избор на сорти<br>Промена на стари со нови сорти (сортимент)<br>Интегрална заштита на винова лоза<br>Резидба на винова лоза<br>Адаптација на потпорна конструкција<br>Подигање на нов насад<br>Превентива и заштита од болести, штетници и плевели<br>Заштита на коскесто овошле од монилија<br>Подигање на насад од аронија<br>Подигање на насад од лешник<br>Берба, чување и пакување<br>Интегрално производство<br>Манифестација на ден на јаболко<br>Калемење на диворастечки растенија | Постигнати резултати кај индивидуалните земјоделски производители во делот на подобрување на квалитетот, квантитетот или профитабилност на земјоделското производство<br>- воведени нови сорти<br>- млади замјоделци<br>- воведена замјоделска практика<br>(примена на стандарди во земјоделското производство)<br>- поддршка во воведување на интегрално и органско производство<br>- оптимално користење на ресурси<br>( механизација, земјиште)<br>- поврзување на прозводители преработувачи трговци до потрошувачи (глобалгап)<br>- демостративни опити за профитабилни производи |

### *1.9.1.4 Потпрограма органско производство*

Следејќи ги приоритетите, залагањата и насоките од Владата на РМ, како и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата активно се вклучува во активностите кои се во врска со оваа проблематика.

Активности од потпрограмата за органско производство се составенм дел од програмата совети, а е содржана во сите потпрограми: поледелство, сточарство, лозаро-овоштарство, градинарство.

**Главна цел**

Помош на земјоделските производители за производство на свежа органска храна и преработка во потрајни облици, како и поддршка во имплементацијата на органското земјоделско производство во Република Македонија.

**Активности и задачи**

- Формирање на работна група за органско земјоделско производство,
- Усовршување на знаењата и вештините на советниците,
- Спроведување на анкети и испитување на јавноста за информираноста и интересот кај земјоделските производители за органско земјоделско производство,
- Изработка на брошури, летоци, флаери и друг пишан материјал во кој се обработуваат теми од областа на органското производство,
- Поставување на демонстративни опити во растителното и сточарското производство за технологии кои се применуваат за органски начин на земјоделско производство,
- Активно учество и поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство при регистрирање на земјоделски производители заинтересирани за практикување на органски начин на земјоделско производство како и при реализација на Програмата за органско земјоделско производство, помош во прилагодување кон регулативите и легислативата на органското производство, како и можностите и перспективите кои ќе се отворат за земоделските производители,
- Водење на евиденција во пишана и електронска форма за економски и физички параметри за земјоделски производители кои практикуваат органско земјоделско производство,
- Спроведување на медиумска агроинформативна кампања за запознавање и подигање на свесноста кај земјоделските производители за органското производство, технологии и можности, предности и негативности,
- Координативни активности на национално ниво и редовно одржување на средби со работната група за органско производство.

### *1.9.1.5 Потпрограма информирање и односи со јавност*

Програмата и Оперативниот план за односи со јавност и медиуми се заснова врз реализација на активностите предвидени во Стратегијата за информирање и односи со јавност и медиуми на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството на Р. Македонија.

За реализација на Стратегијата за информирање и односи со јавноста и медиумите и исполнување на главната цел и глобалните цели, како и задачите наведени во Стратегијата, се подготвува Програмата за работа. Таа ги содржи неопходните чекори и активности кои треба да се остварат со цел започнување на организирање, координирање и спроведување на информативните активности во рамките на Стратегијата.

**Главна цел**

Континуирано и навремено информирање на земјоделските производители, сите релевантни чинители од областа на земјоделството, но и пошироката јавност со информации од областа на земјоделското производство, производството на храна и руралниот развој, како и информации за активностите и работењето на Агенцијата и обезбедување на информации кои имаат третман на јавен карактер.

**Приоритети**

- Зголемување на видливоста на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во медиумите преку поактивни односи со јавноста,
- Запознавање на пошироката јавност со активностите на Агенцијата, со што ќе се зголеми транспарентноста на нејзиното работење,
- Зголемување на довербата на индивидуалните земјоделски производители во институциите во Р. Македонија со подобрување на знаењето и разбирањето за нив,
- Активно ангажирање и вклученост на дефинираните целни групи на информирање,
- Активно учество и поддршка во информирање на јавноста за процесот на интеграција на Р. Македонија во ЕУ и нејзиното прилагодување кон регулативите и легислативата на земјоделството во земјите членки на ЕУ, како и можностите и перспективите кои ќе се отворат за земоделските производители, а и општо за земјоделското производство во Р. Македонија.

**Активности и задачи**

- Спроведување на активности согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Воспоставување на одржливи контакти со релевантните локални и национални медиуми,
- Зголемување на медиумската покриеност на активностите на Агенцијата,
- Зголемување на медиумската покриеност при информирање на јавноста со информации од општ и стручен аспект,
- Публикација на гласилото „Современ земјоделец" и издавање на други публикации, флаери, брошури и сл. материјали,
- Презентирање на Агенцијата преку Power Point презентации и други начини на презентирање.
- Изготвување на медиа план за планиран период;
- Спроведување на анкети за препознатливост на Агенцијата во јавноста;
- Спроведување на обуки за вработените во Агенцијата за стекнување на вештини за работа со медиуми;
- Зголемување на медиумската покриеност на активностите на Агенцијата;
- Издавање на публикации, флаери, брошури и сл. материјали;
- Организирање на редовни средби со медиумите – новинарите;
- Планирање, подготовка и водење на прес конференции, за претставување на проекции и планови на Агенцијата, претставување на проекти и сл.;
- Планирање, припрема и изработка на разни презентации за медиумите или за други потреби;
- Приготвување и анализа на анкети во однос на работата на Агенцијата;
- Координација на активностите насочени кон контакти со јавноста и медиумите - новинарите;
- Припрема и дистрибуција на соопштенија, писма и покани до јавните медиуми – новинарите.

| Потпрограма по специјалност | Потпрограми и проекти | Резултати |
|---|---|---|
| Потпрограма информирање и односи со јавност | Промоција на активности<br>Промоција на производи (економско советодавни пакети) | Навремено и квалитетно информирање и комуникација (директни и преку јавни гласила) |

| | | |
|---|---|---|
| | Проток на информации во АПРЗ<br>Информативни кампањи за навремена и правилна информираност на ИЗС<br>Меморанум за одржлива соработка помеѓу АПРЗи чинителите во аграрот | - Информативно гласило<br>- изработка на прилози и учество во јавни гласила<br>- изработени пропаганден материјал (памфлети, брошури, извештаи,..<br>- организирање промотивни прес конференции<br>- потврдени меморандуми за одржлива соработка помеѓу АПРЗи чинителите во аграрот<br>- одржани промотивни работни средби со ИЗС за размена на информации од постигнати резултати од земјоделско производство со обезбедување навремени и континуирани податци |

**Аутпут индикатори:**

- Број на ИЗП корисници на советодавни услуги е со бројност 4000 (секој советник просечно доаѓа во контакт со 50 ИЗП)
- За 2009 година се планира изработка или ревидирање на 20 ТЕСП
- Од страна на советниците ќе се извршат најмалку 60 анализи на фарми
- Потпишување на Меморандуми за одржлива соработка со повеќе институции и асоцијации на земјоделци со бројност повеќе од 5
- Реализација на дел од Програмата за финансиска поддршка на МЗШВ врз основа на Договор за активности во поддршка на земјоделците при аплицирање за програмите
- Реализација на дел од Програмата за рурален развој на МЗШВ и користење на средства од прет-пристапните фондови - ИПАРД врз основа на Договор за активности во поддршка на земјоделците при аплицирање за програмите и изработка на инвестициони програми и бизнис планови
- Реализација на теренски активности поддржани од МЗШВ кои се спроведуваат со Управите при МЗШВ (Фитосанитарна управа и др.)

Програмата Совети има расположиви финансиски средства од 4.265.000,00 ден.

## 1.9.2 Програма: Поддршка во развојни проекти и развој на нетрадиционално земјоделско производство

Креирањето на современите совети го насочува развојот и на нетрадиционално земјоделско производство, притоа се ставаат во функција и опкружувањата, расположивите капацитети, интеграцијата, глобализацијата и сл., што овозможува:

- зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, повисок стандард и квалитет на живеење;
- развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој;
- подобрување на квалитетот на образованието и знаењата на земјоделците;

– поддршка во креирање и спроведување на развојни проекти со изработка на инестициони и бизнис планови.

Реализацијата на програмата резултира со:

- Нови земјоделци;
- Надградба на советодавите капацитети;
- Соработка со научно-наставни институции;
- Имплементација на демонстративни опити;
- Детерминација на состојби на терен кај ИЗС и пазарот со изработка на анализи и препораки;
- Обуки и практично-показни активности на терен кај земјоделци;
- Зголемен број на фарми со нетрадиционално и органско производство;
- Зголемен број на фарми корисници на проекти на средства од домашни и меѓународни фондови.

**Аутпут индикатори**:
- Број на фарми со поддршка во алтернативно и органско производство - бројност 40
- Договори за поддршка и надградба на советодавните услуги - бројност 15
- Зголемен број на изработени проекти за фарми;
- Поддршка во развојот на нетрадиционалното земјоделско производство за алтернативни култури: цвеќарство, рибарство, ароматични и лековити растенија, лумбрикултура, алтернативно сточарско производство: ноеви, полжави и сл.

Програмата развојни проекти и развој на нетрадиционално земјоделско производство има расположиви финансиски средстава од 1.500.000,00 ден. и е во склоп на Програмата совети.

Програмите совети и развој користат соодветни методи за спроведување на активностите, како што се: индивидуални и групни едукативни средби, предавања, семинари, студиски кружоци, практично-показни активности и сл.

### 1.9.3 Програма Мониторинг на фарма

Програмата е во функција на воспоставување систем за прибирање и обработка на податоци за економски и физички параметри од ИЗС овозможувајќи:

– воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од ИЗС - ФАДН;
– интеграција во ЕУ;
– воведување на сметководствена евиденција кај ИЗС;
– идентификација на годишен доход на земјоделско стопанство;
– јакнење на капацитетот на јавната советодавна служба - АПРЗ.

Реализацијата на програмата резултира со:

- Континуитет и одржливост на ФМС/ФАДН (прибирање, внес и обработка на податоци од фармите);

- Континуитет во обука на советниците и фармерите во делот на квалитетно подобрување на податоците;
- Квалитетот на собраните податоци со интервенции во процедурите и методологијата за собирање и обработка на податоците;
- ИС-софтвер;
- Пристап на корисниците кон обработените податоци;
- Ефикасно користење на податоците во системот за потребите на советодавните услуги од страна на вработените во АПРЗ;
- Проток на информации и внатрешна комуникација;
- Десиминација на податоци.

Програмата Мониторинг на фарма - ФМС ја спроведува групата за агроекономија во соработка со сите советноци

**1.9.3.1** ***Потпрограма агроекономија***

Во склоп на Програмата за Агроекономија постојат повеќе подпрограми кои пред се се логистика во примена на егроекономски мерки на носечките специјализирани работни Програми во Агенцијата. Поради големата важност од успешна реализација на Системот за мониторинг на фарма, истиот е пфатен во посебна програма а конкретната активност од работната групата за Агроекономија издвоена е како посебна програма.

АПРЗ со своите советници е директно присутна на теренот кај ИЗП. Присутноста на теренот ја гради довербата помеѓу советникот и фармерот, воедно дава можност за директна имплементација на научни и стручни сознанија, имлементација на владини мерки од микро план, градење на база на информации од ИЗП кои се предуслов за развој на советодавна услуга и развој на аграрот.

Табеларен приказ на програми и проекти кои се содржани во програмата
Програма: Мониторинг на фарма - подпрограма Агроекономија

| **Ррограма** | **Подпрограми и проекти** | **Резултати** |
|---|---|---|
| Програма на активности за имплементација на поддршка за развој на агроекономија | Анализа на фарма<br>Инвестициони програми<br>Буџетирање на фарма<br>Управување со фарма | Постигнати резултати кај индивидуалните земјоделски производители во делот на подобрување на квалитетот, квантитетот или профитабилност на земјоделското производство со континуирана евиденција на физички и економски параметри од индивидуалното земјоделско производство<br>- изработка на анализа на фарма со препораки<br>- изработка на инвестициони програми (поддршка во |

| | | |
|---|---|---|
| | | аплицирање во користење на фондови и кредитирање)<br>- изработка на бизнис планови<br>- изработка на извештаи од парциално буџетирање<br>- воведување евиденција сметководство на фарма |

За оваа цел, АПРЗ ја поврзува активноста на советодавната услуга со реализацијата на системот за мониторинг на фарма (ФМС/ФАДН) т.е. градењето на база на податоци за фармите со евидентирање на економски и физички параметри за земјоделското производство. Развојните активност од оваа програма ја подобруваат базата на податоци што овозможи услов за функционирање на ефикасен Farm monitoring system (FMS), кој е предуслов за развој на квалитетна советодавна услуга и предуслов за воспоставување на FADN (европска мрежа на сметководствени податоци за фарма) во Македонија.

Континуитетот од повеќегодишната реализација на Програмата подржана од повеке проекти од Светска банка, Шведска статистика – SIDA и моменталната поддршка од Проектот МААСП - SIDA, овозможи стварање услови за практична примена на Законот за ФАДН во Македонија. Во моментот се спроведуваат заеднички активности со МЗШВ во соработка со МФ,Факултетот за земјоделски науки и храна и ДЗС во дефинирање на подзаконски акти за ФАДН.

**Главни цели на програмата**

АПРЗ со својата организациона поставеност и расположиви капацитети воспостави компатибилен ифомациски систем, кој овозможува евидентирање на податоци, нивно располагање во континуитет по години и можност за надоградба на база на податоци, кој се темели на потребата од располагање со навремени и квалитетни податоци за ресурсите, приносите, трошоците и приходите од производството на земјоделси производи . Оваа активност е потенцирана како потреба од советодавците, научните институции, фармерите, земјоделските здруженија, МЗШВ, европскиот ФАДН, стратешките приоритети на Владата, конкретни Проекти, локалната самоуправа, преработувачите и потрожувачите на земјоделски производи, добавувачи на репроматеријали и сл.

Врз основа на ова, **АПРЗ има цел со оваа програма да одржува база на податоци од одреден број на фарми со нивоа на кориснички пристап.**

АПРЗ има соодветна **организациона поставеност**, 30 работни единици групирани во 6 регионални центри, со советници од различна специјалност од соодветната облас.

Постоење на **доверба помеѓу советникот и земјоделците**, надополнувањето на активноста на советодавните услуги со размена на информации те. прибирање на податоци од производството на фармите.

**Изграден систем - софтвер** за внес и обработка на податоци според европските регулативи за компатибилнос на сметководствените податоци со ФАДН - Брисел.

Овозможена тајност - **доверливост на лични податоци**

Располагање со солидна **компјутерска опрема**. Едуцирани советници, разработени процедури и упатства за прибирање на податоци. Воспоставена соработка за поддршка од странски Проекти.

Со воспоставениот континуитет на активноста се потврди обемот и **квалитетот на активноста по советник**. Според капацитетите и условите, се утврди дека еден советник е во можност да води евиденција за 8-10 фарми, со еднодневна теренска посета кај 2-3 фарми, со дефинирани најмалку 6 посети на фарма на годишно ниво и непходна потреба за внес на податоци во компјутер од просечно 3 работни дена за време од два месеци. Месечен просек на ангажирани денови на советник за оваа активност е 2,5 дена. Бројот на ангажирани советници е во зависност од одлуката на Агенцијата. Истото е во согласност со расположивите финансиски средства кои треба да покријат потрошувачка на гориво по изминат километар, потрошен канцелариски материјал, одржување на софтверот, опремата (хардвер) и трошоци за конекција на РЕ со серверот. Бројот на фармите евидентирани во ФМС е во зависност од капацитетот и обемот кој советниците ќе го реализираат, а обемот на фармите кои се дел од ФМС, а ќе претставуват примерок за ФАДН, ќе се официјализира со примена на соодветната методологија на примерок според регулативите на ЕУ за избор на фарми, а во согласност со примерокот на ДЗС. Истото постепено ќе се регулира во текот на наредните години до приемот на Македонија за членството на ЕУ.

**Буџет** за оваа програма во 2009 год, изнесува 5.304.000,00 ден.

Активностите на оваа програма се координираат со работната група за агроекономија. Оваа **работна група** е составена од 6 координатори по еден од секој регион и главен координатор од Дирекција. Групата работи според дефиниран распоред на активности, одржува редовни работни состаноци не помалку од 6 во годината. Работните состаноци во предходните години беја поддржани од Проекти на Светска банка, СИДА - МААСП и Шветска статистика. Се очекува во соработка со МЗШВ да се реализира Проект од Светска банка за поддршка на ФАДН.

**Активности и задачи**

Активностите за оваа програма е во текот на целата година, поделена во двомесечни фази на извршување на основните активности и логистички активности според специфичноста на работните задачи.Одредени активности се поддржани со консултанти од странски проекти или поддршка од експерти од институции во земјата (ДЗС, Факултети, МЗШВ и сл.).

**1.Прибирање** на податоци од терен

Планирано ангажирање на 70 советници за посета на терен

Евидентирани 600 фармери

Дадени совети и информации на 600 фарми

Активност цела година

**2.Внес** на податоци во електронска форма

Ангажирање на 70 советници за внес на податоци во електронска форма

Внесени податоци во системот од економски и физички параметри од Евидентираните фармите

Активност цела година

**3.Контрола** на податоци и посети на ниво на советник, регион, дирекција

Ангажирање на 70 советници, координатори по специјалности, консултанти

Изработени контролни листи- извештаи

Реализирани посети на терен

Активност цела година

**4.Анализа** на податоци на ниво на советник, регион, дирекција

Ангажирање на 70 советници, координатори по специјалности, консултанти

Изработени анализи на ниво на фарма, регион,

Реализирани едукативни посети на терен

Активност во м. Септембар, и Јануар - Февруар

**5.Работни средби** на групата за агроекономија

Ангажирана групата за агроекономија, консултанит

Реализирани 6 работни средби

Исполнет работен план

Активност во м 02, 04, 06, 08,10, 12 од тековна година.

**6.Активности поврзани со комитетот** за ФАДН при МЗШВ

Реализација на програма од поддршка на комитетот за ФАДН

Исполнети работни задачи

Периодични активности во тековната година

**7.Едукација на советници**

Ангажирана групата за агроекономија и консултанти

Реализација на 2 работни средби на регионално ниво со присуство на групирање на советници од по два региони

Активност во м. Мај, Ноември од тековната година

**8.Работни средби во регион**

Ангажирање координаторот на регионот и советниците

Реализација на 3 работни средби поединачно по регион

Исполнет работен план

Квартална активност

**9.Едукација на фармери**

Планирано ангажирање на 70 советници, координатори

Дадени совети при реализација на индивидуални средби за прибирање и евиденција на податоци на фарма

Едукација при реализација на групни предавања на работни средби со фармери за бенефит од воведена евиденција и база на податоци

Полугодишна активност во текот на годината

**10.Десиминација на податоци** од ФМС/ФАДН

Ангажирана работната група за агроекономија, консултант, советници

- Изработен извештај за Годишниот земјоделски извештај на МЗШВ
- Реализирана презентација од резултати на национално годишно ниво
- Реализација на локални и периодични информативни презентации и публикувања и користење на медиуми за афирмација од воведувањето на ФМС/ФАДН во Македонија
- Испратени податоци во Брисел со поддршка на Шветска статистика
- Овозможена достапност на податоци до нивоата на крајни корисници
- Годишна активност со нагласеност на зголемена ангажираност во одредени месеци во зависност од потврдувањето на завршување на обработката на податоците

**Потребните варијабилни финансиски средства** за реализација на активностите се однесуваат за потрошувачка на **гориво** во зависност од изминатите колометри за посета на фармите, работните средби и покривање на

трошоци за потрошен **канцелариски материјал** (хартија за евидентирање на податоците од месечните посети на фарма, пишан пропаганден материјал, печатење, трошоци за освежување  при одржување на работни средби и презентации)

Бидејки оваа активност е дел од тековните активности на советниците и ја надоплнува советодавната услуга ги напоменуваме режиските - **фиксните трошоци** кои исклучиво се однесуваат за тековно **одржување на системот** и негова меѓусебна конекција.

Дефинираниот дизајн на Програмата ја отсликува оправданоста на реализацијата на проекот, а самата **навремена реализација зависи** од ангажираноста  на советниите, логистиката на раководството на Агенцијата, поддршката од консултантите, навремениот буџет со цел да се обезбеди непреченост во:

- Постојано присуство на советниците на терен,
- Континуитет на ФМС/ФАДН по години,
- Квалитетно и навремено збогатување на податоците во базата,
- Надградба на системот ( редизајн и вградување на контролни системи на повеке нивоа)
- Навременост во реализација на работните и едукативни средби
- Комплетност во имплементацијата на ФАДН,
- Овозможување на континуитет во презентирање на резултати од активности на ФМС и ФАДН,
- Дефинирање на излезни податци за институционални  корисници од Базата на податоци (МЗШВ, Заводот за статистика, ФАДН, ИЗП и сл.).

**Аутпут индикатори:**
-Број на фарми за кои се изготвени извештаи во рамки на ФАДН - бројност 450
-изработен и промовиран материјал - бројност - 60

Програмата Мониторинг на фарма има расположиви финансиски средства од 5.304.000,00 ден.

## 1.9.4 Програма: Зајакнување на институционалните капацитети (Администрација)

Програмата е во функција на поддршка и логистика во остварување на приоритетите и целите на Агенцијата, со институционално зајакнување во областите земјоделство, економија, евроинтеграциските процеси и креирање на советодавен капацитет адекватен на потребите за современи совети кои при практична примена резултираат со квалитетно и профитабилно земјоделско производство.

- Развој на информатичките системи и технологии;
- Унапредување на квалитетот на јавните услуги;
- Транспатентост во работењето;

Реализацијата на програмата резултира со:

- Проток и обработка на информации и документација:

- Одржлив информациски систем;
- Функционална база на податоци за ИЗС;
- Електронска комуникација помеѓу работните единици;
- Функционалност на потсистемите кои се дел од ИС – софтвер;
- Ажурирана WEB страна;
- Контролни системи за квалитет и квантитет на активностите;
- Функционални работни групи по специјалности;
- Присуство на советниците на терен;
- Систем за евалуација советодавна услуга;
- Систем за човекови ресурси;
- Дисперзирани канцеларии;
- Систем за мотивираност и реално наградување на советниците;
- Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Оптимално користење на расположивите ресурси – опрема, објекти и оптимизација на режиски трошоци;
- Публикација на информативното гласило „Современ земјоделец“.

Табеларен приказ на програми и проекти кои се содржани во програмата
Програма: Зајакнување на институционалните капацитети

| **Подпрограми и проекти** | **Резултати** |
|---|---|
| Континуирано подобрување на организацијата и работењето на АПРЗ, како и обезбедување на услови за давање на квалитетни советодавни услуги кај ИЗС според потребите на пазарот | • Изработка и реализација на програма за човекови ресурс<br>• Воспоставување на внатрешна ревизија<br>• Дефинирање на работни функции, како резултат од ревидирање на систематизација<br>• Изработка на програма со дефинирани принципи за развој на советодавнте услуги и континуитетен развој на советодавните капацитети<br>• Изработка на прирачници со дефинирани насоки за препознавање на квалитетна и навремена советодавна услуга според потеребите на теренот<br>• Дефинирање на индикатори за проценка на извршени активности<br>• Примена на основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите на внатрешната контрола според донесениот Законот<br>• Воведување на Меморандуми за соработка со институциите за надоплолнување на меѓусебните активности за имплементација на терен кај индивидуалниот сектор |
| Организирање и обезбедување на советодавни услуги за ИЗС во пазарно ориентираните и руралните средини, од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој | • Овозможување континуитет на пристап на советниците на терен со отватање и ставање во функција на привремени дисперзирани стручни канцеларии<br>• Изработка на техничко економски советодавни пакети според потребите на индивидуалниот земјоделски сектор со имплементирање на научни стручни сознанија и пазарните услови<br>• Информирање и поддршка на изс во искористување на сопствените ресурси, зголемување на профитабилноста, пристапност до домашни и меѓународни фондови |
| Одржување и надградба на информативниот систем како и создавање и одржување на мрежи со домашни и меѓународни субјекти и поддршка во развојот на вредносни | • Овозможување континуитет на размена на информации;<br>• Надградба на квалитетот на податоците за фарма - ресурси, приноси, приходи и трошоци ФМС;<br>• Обезбедување на одржлив развој и квалитетено подобрување со надградба во насока на воспоставувањето |

| | |
|---|---|
| синџири | на ФАДН во Р. Македонија според стандардите на ЕУ со примена на Законот за воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од ИЗС<br>• Зајакнување на меѓусебната врска помеѓу АПРЗ и чинителите во областа на земјоделското производство;<br>• Воспоставување на интерен информативен систем за непречена комуникација помеѓу вработените во 30 РЕ и Дирекцијата |

Програмата Зајакнување на институционалните капацитети (Администрација) располага со буџет од 62.071.000,00 ден кој ги покрива вкупните исплати на вработените за плати и надоместоци на плати, придонеси и даноци, сите режиски трошоци за одржување (пр. струја, вода, телефонија, комуналии) ја поддржува работата на надворешна консултантска услуга и работата на УО, овозможува поддршка во реализација на потребата од надворешни даватели на услуги, го поддржува функционирањето на работните групи по специјалности и програмските активности на регионално ниво и сл.

**Аутпут индикатори:**
- Договори со даватели на услуги за редовно функционирање на АПРЗ - бројност 20
- Дефинирани и ревидирани интерни акти - бројност 5

## 1.10 Исполнителност на програмите

Практичната имплементација на програмите зависи од самата реализација на активностите на ниво на советник, работна единица т.е. регион. Основната интенција е истите да потекнуваат од теренот од реалните потреби на индивидуалните земјоделски производители на регинално ниво, со дефинирање на програмите и подпрограмите кои се ускладуваат со приоритетите и целите на Агенцијата, а истите содејствуваат со Одлуките за стратешките приоритети на Владата.

Формата за приказ на програмите и подпрограмите на ниво на советник, работна единица, регион и работна група се усогласува со формата и методологијата според содржината на стратешкото планирање на Владата на РМ. Врз основа на сето ова се изработува Годишната програма за работа на Агенцијата која се разгледува и усвојува од страна на Управниот Одбор.

Во Годишната програма содржана е матрица за Оперативениот план за спроведување на програмите кои ги содржат вкупните активности од шесте региони што е во согласност со матрицата на одделението за стратешко планирање при Генералниот секретаријат на Владата на РМ. Матрицате е и составен дел на Стратешкиот план 2009-2011 на Агенцијата.

Годишната програма за работа на Агенцијата вклучува анекс од планираните активности за секој регион пооделно и истото претставува основа при спроведување на планските задачи во тековната година.

Реализацијата на активностите се прати во текот на целата година со проценка на индикаторите на успешност, мониторирани од одговорните и работните групи по специјалности, директно и со анализа на изработените периодични извештаи. Мониторингот, анализата и евалуацијата се извршува според хиерархиските нивоа и истото се разгледува и усвојува од страна на Управниот Одбор.

## 1.11 Планови за спроведување

# Програма: Совети

| 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ |
|---|

| 2.1. | А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|---|

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Совети е основа за поттикнување и поддршка во подобрување на квалитетот, квантитетот и профитабилноста на земјоделското производство со оптимално искористување на ресурсите, поддршка во спроведување на владините програми на терен и поддршка во примена на ЕУ стандардите во пазарно ориентираните и во руралните средини со поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми<br>Програмата е во функција на поддршка на **стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за** 2009 година :<br>**-Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, повисок стандард и квалитет на живеење**<br>**-Интеграција во ЕУ**<br><br>**Програмата воедно е во функција на поддршка и на следните стратешки цели на Владата:**<br>- Развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој и<br>-Подобрување на квалитетот на образованието и знаењата на земјоделците. |
| 2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА) Активноста поддржана во НПАА:<br>Пазарно земјоделско производство во согласност со ЕУ станадардите |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>– подобрени знаења на советниците за: поледелство; сточарство; градинарство; лозаро-овоштарство;<br>– креирање и испорака на пакети на советодавни услуги од областа на: поледелството; сточарството; градинарството; лозаро-овоштарството;<br>– подобрени знаења на земјоделците во примена на земјоделското производство. |

| **Назив на Програмата:**<br>Совети | **Цел на Програмата:**<br>Организирање и обезбедување на советодавни услуги за ИЗС во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположивите ресурси преку одржлив земјоделски развој и поддршка при аплицирање во користење на предпристапни фондови и владини програми |
|---|---|

**Показатели за успех на Програмата:**

- воспоставени 4000 контакти со земјоделци,
- изработени анализи со идентификувани 60 проблеми на фарма,
- изработени и ревидирани 20 советодавни пакети,
- дадена поддршка во аплицирање на околу 10000 земјоделци, според договор со МЗШВ

**Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ☒ вертикална

**Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Изработени и имплементирани техничко-економски советодавни пакети според потребите на ИЗС во согласност со пазарните услови и стандардите за квалитет и безбедност на храна

| | |
|---|---|
| **Резултат 1**: Подобрени знаења на советниците за: поледелство; сточарство; градинарство; лозаро-овоштарство; | **Показател за успешност**: Изработен на план за имплементација на годишна програма за надградба на знаењата на советниците со реализација на 20 обуки, 3 семинари, 2 студиски патувања и 10 работилници |
| **Резултат 2**: Креирање и испорака на пакети на советодавни услуги од областа на поледелството, сточарството, градинарството и лозаро-овоштарството | **Показател за успешност:** Изработени 20 ТЕСП, изработени 60 анализи со идентификувани проблеми на фарма, дадени совети на 4000 ИЗС |
| **Резултат 3**: Подобрени знаења на земјоделците во примена на земјоделското производство | **Показател за успешност:** Реализација на 200 обуки, 100 работилници |

## Б: План за спроведување на Програмата Совети

### План за спроведување на резултат 1

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **финансиски МКД** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Изработка на програма за надградба на знаењата на советниците | Директор, Раководител на сектор за развој | УО, Национални советници - координатори, Раководители на сектори, проекти, факултети, МЗШВ | 12/2008 | 01/2009 | Постоечки кадар, | |
| 2. Реализација на програма за надградба на знаењата на советниците | Директор, Раководител на сектор за развој | Национални советници - координатори, Раководители на сектори, проекти, факултети, МЗШВ | 02/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 2 | | | | | | 665.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 - 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 -2 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

## План за спроведување на резултат 2

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **финансиски МКД** |
| 1. Детерминација на потребите на терен | Национални координатори, советници, регионални раководители | Проекти, факултети, МЗШВ, земјоделски асоцијации | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар, | |
| 2. Изработка на ТЕСП | Раководител на сектор за развој, Национални координатори, регионални раководители | Проекти, факултети, МЗШВ, земјоделски асоцијации | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Имплементација на ТЕСП | Национални координатори, советници, регионални раководители | Проекти, факултети, МЗШВ, земјоделски асоцијации | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 3 | | | | | | 1.800.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 - 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 -3 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

## План за спроведување на резултат 3

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **финансиски МКД** |
| 1. Изработка на програма за подобрување на знаењата на ИЗС | Директор, Раководител на сектор за развој, Раководители на РЦ | УО, Национални координатори, Раководители на сектори, проекти, факултети, МЗШВ | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар, | |
| 2. Реализација на програма за подобрување на знаењата на ИЗС | Раководител на сектор за развој, Раководители на РЦ, советници | Национални координатори, Раководители на сектори, проекти, факултети, МЗШВ | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 2 | | | | | | 1.800.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 - 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 -2 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | **4.265.000,00** |

**Програма: Програма на активности за имлементација на развојни програми и поддршка за нетрадиционално производство**

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

### 2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата за активности за имлементација на поддршка за развој на нетрадиционалното производство е дел од Програмата Совети Потпрограма Развој<br>Програмата е во функција на поддршна на **Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за** 2009 година<br>**-Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа,**<br>**-Интеграција во ЕУ**<br><br>**Програмата воедно е во функција на поддршка и на следните стратешки цели на Владата:**<br>- Развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој<br>-Подобрување на квалитетот на образованието и знаењата на земјоделците<br>- Поддршка во искористување на предпристапните фондови |
| 2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)<br>Развој на земјоделство, приближување до членството во ЕУ |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>– зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа;<br>– развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој;<br>– подобрување на квалитетот на образованието и знаењата на земјоделците;<br>– поддршка во креирање и спроведување на развојни проекти со изработка на инестициони и бизнис планови. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:**<br>Програма на активности за имлементација на развојни програми и поддршка за развој на нетрадиционалното производство | **Цел на Програмата:** Поддршка на развојот на нови семејни бизниси со нетрадиционалното производство преку примена на соодветни агротехнички мерки и поддршка во искористување на предпристапни фондови |
| **Показатели за успех на Програмата:** Практична примена на современи технологии за нетрадиционалното производство кај 20 ИЗС, | |

| |
|---|
| поддршка во реализација на проекти |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) | ☒ хоризонтална | ☐ вертикална |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Поддршка на развојот на нови семејни бизниси, вклучително и нетрадиционалното производство преку примена на нови технологии и агротехнички мерки препорачани од страна на советниците на АПРЗ, според интересот и барањата на ИЗС, во зависност од климатските и пазарните услови (ноеви, полжави, аспарагус, зачински, ароматични и лековити култури, лумбрикултура и сл.) | |
| **Резултат 1**: Детерминација и анализа на состојби на терен кај ИЗС | **Показател за успешност:** Број на фарми опфатени во анализата 100 |
| **Резултат 2**: Изработена програма | **Показател за успешност:** Примена на препораки од анализа кај 40 фарми |
| **Резултат 3**: Реализација на програмата | **Показател за успешност:** Зголемен број на фарми корисници на проекти финансирани од домашни и странски фондови |

## Б: План за спроведување на Програмата развој на нетрадиционално земјоделско производство

### План за спроведување на резултат 1

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **финансиски МКД** |
| 1 Детерминација и анализи на состојби на терен кај ИЗС | Раководител на РЦ, Советници по специјалност | Раководител на сектор за развој, Национален координатор по специјалност, Научно-наставни институции | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 -1 | | | | | | 500.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 -1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 -1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |

### План за спроведување на резултат 2

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **финансиски МКД** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Изработка на програма | Раководител на сектор за развој, регионални раководители | Национален координатор по специјалност, Научно-наставни институции | 12/2008 | 01/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 -1 | | | | | | 500.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 -1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 -1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |

**План за спроведување на резултат 3**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **финансиски МКД** |
| 1 Реализација на програмата | Раководител на РЦ, Советници по специјалност | Раководител на сектор за развој, Национален координатор по специјалност | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 -1 | | | | | | 500.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 -1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 -1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | **1.500.000,00** |

# Програма: Систем за мониторинг на фарма ФМС/ФАДН и десиминација

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

### 2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Систем за мониторинг на фарма ФМС/ФАДН и десиминација е основа за развој на интегриран информациски систем за потребите на ИЗС, советодавната служба вклучително и ФАДН, како и други корисници на сметководствени податоци од фарма

| |
|---|
| Програмата е во функција на поддршка на **Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2009 год.**<br>- Интеграција во ЕУ;<br>Програмата воедно е во функција на поддршка на следните стратешки цели на Владата:<br>- Развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој<br>- Воспоставување на мрежа на сметководствени податоци за фарма - ФАДН |
| 2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА) Активноста поддржана во НПАА: воспоставување на ФАДН во Р. Македонија |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>– воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од ИЗС - ФАДН;<br>– интеграција во ЕУ;<br>– воведување на сметководствена евиденција кај ИЗС;<br>– идентификација на годишен доход на земјоделско стопанство;<br>– јакнење на капацитетот на јавната советодавна служба - АПРЗ. |

**Назив на Програмата:**
Систем за мониторинг на фарма ФМС/ФАДН и десиминација

**Цел на Програмата:**
Одржување континуитет на базата на податоци од репрезентативни фарми во Р. Македонија и нивна десиминација

**Показатели за успех на Програмата:** Расположива база на податоци од 450 фарми со нивоа на пристап според корисници,

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) | ☐ хоризонтална | ☒ вертикална |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Прибирање, внес и обработка на податоци од 450 фарми со надградба на информацискиот систем | |
| **Резултат 1**: Воспоставена сметководствена евиденција за ИЗС | **Показател за успешност**: Воспоставена евиденција кај 450 ИЗС |
| **Резултат 2**: Подобрување на софтверското решение | **Показател за успешност:** Ефикасен и функционален ИС - софтвер |
| **Резултат 3**: Десиминација на податоци | **Показател за успешност:** Изработени 60 промотивни материјали |

**Б: План за спроведување на Програмата Систем за мониторинг на фарма**

## План за спроведување за резултат 1

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | финансиски МКД |
| 1. Донесена годишна програма на активности | Координатор на групата за агроекономија и регионални координатори | Менаџмент на АПРЗ МЗШВ, факултети | 12/2008 | 01/2009 | Постоечки кадар | |
| 2. Реализација на програмата | Советници, регионални раководители | Работна група за агроекономија | 1/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| 3. Евалуација на воспоставената евиденција на фарма | Раководител на сектор за развој, национални координатори | Работна група за агроекономија | 1/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 3 | | | | | | 3.804.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 - 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 - 3 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

## План за спроведување за резултат 2

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | финансиски МКД |
| 1. Одржливост и континуитет на ИС - софтверот | Раководител на сектор за развој, Координатор на групата за агроекономија, информатичар, софтверска компанија | Менаџмент на АПРЗ, МЗШВ | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 1 | | | | | | 500.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно активности во следната година: 2010 -1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 - 1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

## План за спроведување за резултат 3

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** **(месец/година)** | **Крај** **(месец/година)** | **човечки** | **финансиски МКД** |
| 1. Десиминација на податоци според потребите на корисниците | Раководител на сектор за развој, Координатор на групата за агроекономија и регионални координатори, група за агроекономија | Менаџмент на АПРЗ МЗШВ | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 1 | | | | | | 1.000.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 - 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 - 1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | **5.304.000,00** |

# Програма: Зајакнување на институционалните капацитети

# 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

## 2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата Зајакнување на институционалните капацитети претставува основа за поддршка во развојот на целокупното работење на Агенцијата и поддршка во остварување на поставените цели

| |
|---|
| Програмата е во функција на поддршка на **Стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за** 2009 год.<br>– Развој на информатичките системи и технологии;<br>– Унапредување на квалитетот на јавните услуги;<br>– Транспатентост во работењето;<br>Програмата воедно е во функција на поддршка на следните стратешки цели на Владата:<br>- Развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој<br>- Подобрен квалитет на јавните услуги |
| 2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА) Активноста поддржана во НПАА: Ефикасност на националната советодавна служба во функција на ИЗС |
| 3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>- Континуирано подобрување на организацијата и работењето на АПРЗ,<br>- Обезбедување на услови за давање на квалитетни советодавни услуги кај ИЗС според потребите на пазарот |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:**<br>Зајакнување на институционалните капацитети | **Цел на Програмата:**<br>Подобрено управување, развој, следење и евалуација на човековите ресурси и менаџментот на сите нивоа на управување и примена на аутпут индикатори |
| **Показатели за успех на Програмата:** Дефинирање и примена на интерни акти како поддршка во реализација на програмата, склучени 20 видови договори со даватели на услуги за редовно функционирање на АПРЗ, овозможена надградба на советодавниот капацитет | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** (забележете го видот на Програмата) | ☐ хоризонтална | ☒ вертикална |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата :** Ефикасност во управувањето и работењето на АПРЗ, воспоставени контролни индикатори, склучени 20 договори за поддршка на активностите во АПРЗ, овозможена надградба на советодавниот капацитет | |
| **Резултат 1**: Изработка на програма | **Показател за успешност**: Изработена програма со 20 склучени договори со даватели на услуги на АПРЗ |
| **Резултат 2**: Реализација на програмата | **Показател за успешност:** Логистика и континуитет на активностите на АПРЗ, применети законски регулативи, ревидирани 5 внатрешни акти |
| | |

## Б: План за спроведување на Програмата

### План за спроведување на резултат 1

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | финансиски МКД |
| 1. Развивање и изработка на програма (плати и надоместоци од плати) | Директор, Раководители на сектори, Раководители на РЦ | МЗШВ, МФ, УО | 12/2008 | 01/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 1 | | | | | | 52.000.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 - 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 - 1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | |

### План за спроведување на резултат 2

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | финансиски МКД |
| 1. Реализација на програма | Директор, Раководители на сектори, Раководители на РЦ | УО | 01/2009 | 12/2009 | Постоечки кадар | |
| Вкупно активности во тековната година: 2009 - 1 | | | | | | 10.931.000,00 |
| Вкупно активности во следната година: 2010 - 1 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 2011 - 1 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2:** | | | **1/2009** | **12/2009** | | |
| **Вкупно** | | | | | | **62.931.000,00** |